РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-7040/1
25-07-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

---

# ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за државни патишта

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020) ) член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**

за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за државни патишта

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешната организација на Јавното претпријатие за државни патишта број 02-11512/4 од 29.11.2017 година, број 02-7328/5 од 25.07.2022 година и број 02-2030/4 од 02.03.2023 година, во глава I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, во членот 4, алинеа 1 се менува и гласи:

•„ 10 Посебни работни места и тоа: 5 Помошници директори и 5 Самостојни советници на директорот"

Член 2

Во глава II.ВИДОВИ И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ, во членот 6, точката 5, подточката 5.1 и подточката 5.2 кои гласат:

„5. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО СРЕДСТВА ОД МФИ
5.1 Оделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ
5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ"

се менуваат во делот на називите на секторот и одделенијата и гласат:

„5. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО СРЕДСТВА ОД МФИ и ЕУ ФОНДОВИ
5.1 Оделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ и ЕУ фондови
5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани со средства од МФИ и ЕУ фондови "

Член 3

Во глава III.ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ, во членот 15, во точка 5 Делокругот на Секторот за инвестиции со средства од МФИ и ЕУ фондови на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „работи и задачи во обласга на следењето, планирањето, програмирањето и тендерирањето на проектите финансирани од ЕУ фондови."
Во точка 5.1 Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од МФИ и ЕУ фондови на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:„ следење на склучените договори согласно правилата на ЕУ фондовите, вршење на работи поврзани со ЕУ фондовите (ИПА) согласно обврските од Прирачниците за внатрешни процедури за работа и Оперативните договори за ИПА."

Во точка 5.2 Одделение за подготовка на тендери за проекти финансирани од МФИ и ЕУ фондови на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „административни работи во областа на планирање, програмирање и тендерирање на проекти финансирани од ЕУ фондови.“

Член 4

Во глава III.ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ, во членот 18, во ставот 1 зборот „две“ се заменува со зборот „три“ и се додава нова точка 3 која гласи:

„ 3. Самостоен советник на Директорот од областа на нормативно правни работи - (2) извршители“

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Претседател на Управен одбор
Александар Петрески